## Здравствена едукација, април 2014 година

Во месец **април**, Центарот за јавно Здравје-Скопје, преку Отсекот за здравствено воспитание, продолжи со здравствена едукација за чување и унапредување на здравјето на населението во Скопскиот регион. Во основните и средните училишта на подрачјето што го покрива Центарот беа одржани вкупно 152 предавања со опфат на 1693 ученика. Исто така, беше одржана ***трибина*** на тема: ***Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана***, со опфат на 35 ученика.

Едукативните предавања на учениците во основните училишта беа одржани во општините **Аеродром**, **Гази Баба** и **Арачиново**. Во општина Арачиново беа опфатени селата **Орланци** и **Грушино**. Во споменатите општини, едукативните предавања беа одржани во следните основни училишта:

- ☑ *Во општина Аеродро - О.У.,, Браќа Миладиновци"*
- ☑ *Во општина Гази Баба - О.У.. ,,Григор Прличев"*
- ☑ *Во општина Арачинов - О.У.,,Ѓерѓ Кастриот Скендербеу" и О.У.,,Бајрам Шабани".*

*Во училиштата беа одржани, вкупно 102 предавања со опфат на 1152 ученици на следните теми:*

- *Лична хигиена и превенција од небезбедна вода за пиење*
- *Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана*
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности*
- *Болести на зависност*

*Едукацијата во средните училишта беше спроведена во општината Ѓорче Петров во средното училиште СУГС ,,Кочо Рацин". Во споменатото училиште беа одржани вкупно 50 предавања со опфат на 541 ученик. Предавањата беа одржани на следните теми:*

- *Сексуално преносливи инфекции*
- *Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана*

*Во училиштата на предавањата беше дистрибуиран промотивен материјал.*


Република Македонија
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"КОЧО РАЦИН"
Скопје
СЛУЖБЕН ВЛЕЗ

